Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 март 2021 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.12-293/1 од 25 февруари 2021 година за промена на категорија на приклучок на Друштвото за производство промет и услуги АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со ЕМБ 4030001404823 и тоа:
   - место на потрошувачка бр.000000069367,
   - адреса на мерно место: ул. 3, Петровец,
   - постоечка категорија на приклучок: LV2,
   - нова категорија на приклучок: LV1.2,
   - напонско ниво на мерење: низок напон и
   - локација на мерење: низок напон.

2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93 став (3) точка 5) од Законот за енергетика* за промена на категорија на приклучок од LV2 во LV 1.2 на потрошувачот Друштво за производство промет и услуги АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок бр. 12-293/1 25 февруари 2021 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.2 на потрошувачот Друштво за производство промет и услуги АЛ-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, место на потрошувачка бр. 000000069367 и адреса на мерно место ул. 3, Петровец.

Барањето е поднесено како резултат на тоа што корисникот доставил барање до Електродистрибуција ДООЕЛ за реконструкција на приклучокот. Во моментот приклучокот на објектот е поврзан на дистрибутивната мрежа преку извод кој е наменет за повеќе корисници и има категорија на приклучок LV 2. Со реконструкција на приклучокот објектот е планирано да се поврзе на посебен извод од ТС, наменет само за корисникот. Со оглед на тоа дека во постоечката евиденција на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ова мерно место има категорија на приклучок LV2, побарано е да се направи корекција на категоријата на приклучок во LV1.2. Поради ова потребно е да се промени категоријата на приклучок за ова мерно место од LV2 во LV1.2. Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави ГИС скица, фотографии од мерното место и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 4) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (“Службен весник на Република Македонија” бр. 95/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 271/20) согласно кој, во категоријата LV1.2 припаѓаат нисконапонски приклучоци преку кои електричната енергија се презема директно од нисконапонски собирници во трансформаторските станици на среден напон/низок напон, при што мерењето на испорачаната електрична енергија може да биде и на објектот на потрошувачот, доколку на изводот нема приклучено друг потрошувач, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-293/2**
**4 март 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**